**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE - SHKUP
Примено / Pranuar: 19.12.2019
Орг. единица / Njësia org.: 03 | Број / Numër: 5469 | Прилог / Shtesë: 1 | Вредност / Vlerë:

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден, по службена должност на Агенцијата

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово

3. **Датум на извршување на надзорот:** 14 ноември 2019 година до 19 декември 2019 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 82 став 1 алинеа 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

5. **Претходно изречена мерка:** /

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Трговското радиодифузно друштво ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово не емитува телевизиска програма повеќе од 30 дена

**<u>Образложение:</u>**

На 07 ноември 2019 година до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги пристигна Известување од Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје за прекин на услуга за дигитално емитување на телевизискиот програмски сервис ТВ Кисс Тетово почнувајќи од 07 октомври 2019 година.

На 13. Ноември 2019 година Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги испрати Известување до операторите на јавни електронски комуникациски мрежи да реемитувањето на телевизиските програмски сервиси на Трговско радиодифузно друштво ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово да го вршат само доколку сигналот го добиваат од операторот на дигиталниот терестријален мултиплекс - Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје.

Секторот за информатичка поддршка и општи работи, односно одделението за информатичка поддршка и технологии на 14.Ноември 2019 година, го започна периодот на триесет (30) дневен надзор врз емитувањето на телевизиските програмски сервиси на наведениот радиодифузер. Надзорот заврши на 19.Декември 2019 година, со што беше констатирано дека радиодифузерот не емитува програмски сервис подолго од триесет дена.

- **<u>Предлог мерка:</u>** Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 82 став 1 алинеа 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според кој *„имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини,* се дава следната предлог мерка

- директорот на Агенцијата да достави предлог до Советот за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ Кисс Злате ДООЕЛ Тетово.

***Сектор за информатичка поддршка и општи работи***